**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

MEMBER OF fdi

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 05-11-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| | | | |

**Бр. 03-1091/1**
**04.11.2021, Скопје**

**ДО**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**БУЛ. ИЛИНДЕН БР.2**

**- ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА ЗАДОЛЖЕН ЗА БОРБА ПРОТИВ КРИМИНАЛОТ И КОРУПЦИЈАТА, ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**
**Г-ДИН ЉУПЧО НИКОЛОВСКИ-**

Почитуван,

Ценејќи го Вашето време и Вашите обврски, како во Владата на Република Северна Македонија, така и како Генерален секретар на СДСМ, Ви пишувам со најискрена почит и верба дека ќе најдете време, мотив и желба за разговор и решавање на нашите апсолутно коректни и јасни барања и со заеднички сили, нема да дозволиме македонската стоматологија да се претвори во дејност од која сите се срамиме.

На средбата во просториите на Стоматолошката комора, во месец април 2021 година, разговаравме за активностите што ги презема Комората во насока на што е можно подобар статус и улога на докторите на стоматологија во нашата држава и во таа прилика Ве замолив за помош и поддршка, пред се во областа на законодавството и неопходноста за измени во Законот за здравствената заштита.

Непосреден повод за моето обраќање до Вас е последната одлука на Собранието на Стоматолошка комора на Македонија, донесена на предлог на Извршниот одбор на Комората, за покренување на иницијатива за измени во Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, промени за кои Комората цени дека се неопходни за поквалитетно функционирање на стоматолошкиот здравствен систем и за кои Ве запознав во детали и на нашата средба.

Почитуван Вицепремиере, иницијативата ја доставуваме до сите релевантни институции, овластени предлагачи, пратеници, но и до Вас лично, поради фактот дека на нашата средба дадовте позитивен став за нив и јас лично, како и мојот тим, истото го сфативме како ветување од Ваша страна дека ќе ни помогнете.

Почитуван Вицепремиере, сакам да Ве информирам дека и по 12 месеци од ветувањето на премиерот Заев, како и по шест месеци од Вашиот личен ангажман и ангажманот на Вашиот кабинет, ние се уште сме сведоци дека Правилникот за измена на Правилникот за плаќање во примарна стоматологија кој е усвоен од страна на Управниот одбор на ФЗОРСМ во март 2021 и кој е од големо значење за стоматолозите со договори со фондот, се уште нема согласност од министерот Филипче и ФЗОРСМ го нема добиено за понатамошно постапување согласно Закон, што и краткорочно и долгорочно нанесува штета и на матичните стоматолози и на стоматолозите специјалисти кои го носат товарот на одржувањето на оралното здравје на граѓаните. За истото нема никакво логично објаснување, освен дека некој, некаде, во Министерството за здравство, дезинформира и дава некомплетни информации, дури и до министерот Филипче, што се потврди уште еднаш и на средбата на претставниците на Комората и мои соработници со министерот, одржана на 03.11.2021, на која министерот изјавил дека неговата согласност е поврзана со наводни „финансиски импликации во буџетот" и дека Комората го гледа само личниот финансиски интерес, што е нон-сенс, затоа што измената на Правилникот е во правец на измена на висината на партиципацијата, односно средствата со кои пациентите учествуваат при добивање на стоматолошките услуги кај матичните стоматолози и нема никаква поврзаност со буџетот, а самата Комора нема никаква финансиска придобивка од тоа.

Заради ваквата состојба, уште еднаш со овој допис се обраќам до Вас за помош и очекувам покана за средба со Вас и Вашиот тим.

Со почит,

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Д-Р МАРИЈАН ДЕНКОВСКИ**

М.П.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË

*Прилози:*
*1. Предлог Иницијатива за измени на Закон за здравствена заштита која е усвоена на Собрание на Комората*